# P R E C E D E

Partnership for Reconciliation through Early Childhood Education and Development in Europe

**ПОЈАСНУВАЊА** по ПОВИК ЗА ПРЕДЛОЗИ БР. 1 - За доделување на под-грантови за проекти на здруженија на граѓани, организации на граѓанското општество и образовни институции од ПРЕЦЕДЕ националната мрежа во Република Македонија во рамките на Партнерство за помирување преку ран детски развој и образование во Европа (ПРЕЦЕДЕ) финансиран од Европската Унија.

Согласно со Повикот за предлози каде што е наведено дека, апликантите може да поставуваат дополнителни прашања во врска со повикот, во продолжение се одговорите на прашањата кои стигнаа на наведената електронска пошта freelegalservice@childrensembassy.org.mk на Детска амбасада Међаши.

**Прашање**: Нема назначено за што можат да се користат средствата, доколку позитивно се одговори на повикот, ве молиме да се наведат.

**Одговор:** Средствата може да се користат за трошоци кои се поврзани со крајните резултати на активностите. Согласно прикажаните примери во Предлог буџетот, средствата може да се користат за следниве видови трошоци потребни за спроведување на акцијата:

- Директни трошоци - Трошоци потребни за спроведување на акцијата (Пример: Патувања, комуникација, односно трошоците за мобилни телефони потребни за овој проект, поштенски провизии, доколку е потребно материјали да бидат испратени по пошта, ... НО САМО ДИРЕКТНО ПОВРЗАНИ СО ПРЕДЛОГ-ПРОЕКТОТ!)

- Програмски трошоци - Трошоците потребни за активностите предложени во предлог-проектот. (Пример: 2.1 активност: Тркалезна маса: 2.1.1 Изнајмување на простории; 2.1.2 Освежување за учесниците; 2.1.3 Работни материјали за учесниците (Агенда, хартија, печатени информативни материјали ...)

- Непредвидени трошоци - Износ што може да се резервира за трошоци кои не вклучени во буџетот и непланираните трошоци кои може да се појават во текот на

THIS PROJECT IS FUNDED BY THE EUROPEAN UNION
Instrument for Pre-accession Assistance (IPA) Civil Society Facility (CSF)

спроведувањето на проектот. Максималниот износ е 5% од вкупниот предложен буџет.

За понатамошни информации, Ве молиме погледнете ја точка 7 *„Предлог буџет“* во Повикот за предлози бр.1 и образецот за Предлог буџет.

**Прашање:** Дали може да се реализира проект, или активност пред одлуката, со оглед дека е опфатен период на траење на проектот во кој децата се испишуваат од градинка, со што ќе се сретнеме со проблем кој ќе значи помала опфатена целна група, доколку станува збор за тримесечен период.

**Одговор:** Почитувани, како што е наведено во *Прелиминарната временска рамка* во Повикот за предлози, конечна одлука за доделување под-грант е 20 Април 2016, потпишување на договорот е 27 Април 2016, а период за имплементација на проектот/настанот е од 1 Мај до 30 Јули 2016.

За понатамошни информации, Ве молиме погледнете ги точка 10 и 11 од Повикот за предлози бр.1.

**Прашање:** Ние веќе почнавме со лобирање и проширување на проектот во сите воспитни групи во еден објект и сме на идеја да го прошириме на сите групи исто така веќе и родителите на децата се запознати, а и локалната самоуправа и локалните медиуми се запознати за реализацијата на проектот почит на различностите, дали и ова ќе се земе во предвид при одлучувањето.

**Одговор:** Ве молиме имајте во предвид дека не можеме да дадеме претходно мислење за подобноста/прифатливоста на одреден апликант, активност или специфични активности.

За понатамошни информации, Ве молиме погледнете ја точка 4 *„Видови активности кои би можеле да бидат поддржани од мал грант“* и точка 9 *„Критериуми за евалуирање на предлозите“* од Повикот за предлози бр.1.

**Прашање:** Доколку се одлучиме за печатење на стихобоенка, сликовница или прирачник дали треба само текстот да се достави до вас на одобрување ( Со текстуално објаснување на илустрации, задачи, и сл) или цело идејно решение, со оглед на фактот дека неговата припрема бара издвојување на одредена сума на парични средства?

**Одговор:** Почитувани, пред печатење на било кој материјал добитниците на грантови се обврзани писмено да се обратат на Прва детска амбасада во светот Меѓаши заради

THIS PROJECT IS FUNDED BY THE EUROPEAN UNION
Instrument for Pre-accession Assistance (IPA) Civil Society Facility (CSF)

добивање одобрение за печатење и притоа треба да доставaт КОНЕЧНА верзија на материјалот кој планираат да го печатат.

За понатамошни информации во врска со правилата на видливост, Ве молиме да го погледнете делот *„Правила за видливост“* кои се составен дел на документите поврзани со овој Повик за предлози објавени на веб страницата на Прва детска амбасада во светот Меѓаши. www.childrensembassy.org.mk

**Прашање:** Дали една градинка може да конкурира со повеќе активности или проекти?

**Одговор:** Како што е наведено во точка 2 од *„Генерални услови“* во Повикот за предлог проекти, секој апликант може да поднесе повеќе од една апликација, но само една пријава по здружение на граѓани или образовна институција може да биде доделена односно грантирана.

**Прашање:** Дали треба да се подготви акциски план и акциско истражување, анкети со деца, вработени и родители и сл. дилеми?

**Одговор:** Ве молиме имајте во предвид дека не можеме да дадеме претходно мислење за подобноста/прифатливоста на одреден апликант, активност или специфични активности.

За понатамошни информации, Ве молиме погледнете ја точка 4 *„Видови активности кои би можеле да бидат поддржани од мал грант“* и точка 9 *„Критериуми за евалуирање на предлозите“* од Повикот за предлози бр.1.

Содржината во овој документ е единствена одговорност на Прва детска амбасада во светот Меѓаши и на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската унија.

THIS PROJECT IS FUNDED BY THE EUROPEAN UNION
Instrument for Pre-accession Assistance (IPA) Civil Society Facility (CSF)